Врз основа на член 6 од Правилникот за условите и критериумите за доделување награди за најдобри воспитувачи и негователи од јавните детски градинки од Општина Кисела Вода бр. 09 – 2588/7 од 28.03.2019 година, и Програма од надлежност В – предучилишно воспитување Програма В1 – предучилишно воспитување за 2019 година, Општина Кисела Вода објавува

**О Г Л А С**

**За доделување награди за најдобри воспитувачи и негуватели од јавните детски градинки од Општина Кисела Вода**

1. Право на учество на огласот имаат воспитувачи и негуватели кои се вработени во јавните детски градинки од Општина Кисела Вода по услови и критериуми утврдени во Правилникот за условите и критериумите за доделување награди за најдобри воспитувачи и негователи од Општина Кисела Вода бр. 09 – 2588/7 од 28.03.2019 година.

I. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ВОСПИТУВАЧИ И НЕГОВАТЕЛИ ОД ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

- Кандидатите треба да ги исполнат следните општи услови и критериуми

| | **Критериуми** |
|---|---|
| **1.Воспитно згрижувачка работа** | **Воспитувачот – негователот**<br>• Навремено и совесно ги извршува поставените работни задачи и цели, согласно принципите за воспитно-згрижувачката работа со деца,<br>• Ги почитува индивидуалните можности, способности и потреби на детето и користи современи дидактички средства,<br>• Работа со деца со пречки во развој |
| **2.Комуникација и тимска работа** | **Воспитувачот – негователот**<br>• Има успешна соработка и комуникација со родители, вработени, стручен тим,<br>• Поттикнува тимско работење, ги почитува принципите на тимска работа,<br>• Ги прифаќа новите членови во тимот |
| **3.Учење и развој** | **Воспитувачот – негователот**<br>• Бара нови извори на информции и различни пристапи за подобрување на своето знаење,<br>• Активно учествува на обуките, вклучително и обуката преку работа и електронско учење,<br>• Го споделува своето знаење со колегите и го применува во секојдневното работење,<br>• Активно учествува во проекти и присуствува на разни обуки, семинари, работилници (без одбивање) и врши дополнителна работа. |
| 4. **Остварување на резултати** | **Воспитувачот – негователот**<br>• Постапува брзо и ефикасно на потребите на корисниците на услугите согласно правилата на професијата,<br>Има редовна и успешна наплата на децата. |
| **5.Одговорност** | **Воспитувачот – негователот** |

| | |
|---|---|
| **кон работата** | • Способен е да се справи со повеќе задачи истовремено и да го планира своето време ефективно,<br>• Почитување на кодекс на однесување и облекување,<br>• Покажува редовност на работно место. |
| **6.Ориентираност кон корисниците на услугите** | **Воспитувачот – негователот**<br>• Соработува, ги препознава и одговара на потребите на корисниците на услугите,<br>• Процентуална присутност на деца во група,во однос на запишани деца. |

- Кандидатите треба да ги исполнат следните посебни услови и критериуми

1. Да е вработен во воспитно – образовна установа на територија на Општина Кисела Вода.
2. Да има минимум 2 години работно искуство (воспитувач, негувател), независно од статусот на ангажираност (неопределено, определено и привремено ангажирани).
3. Сертификати за учество во реализација на проекти и семинари кои се од значење за воспитно – образовниот и згрижувачки процес, согласно наставните планови и програми за предучилишно воспитување, добиени во последните 2 години од акредитирани установи и институции – (алтернативно).
4. Мислење од Стручниот совет на Градинката во која работат.
5. Изјави од родители чии деца се директно вклучени во воспитно – образовниот и згрижувачки процес од страна на кандидатите (алтернативно).
6.Да нема добиено награда за најдобар воспитувач/негувател во последните 3 години.

II. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Воспитувачот/негователот треба да достави **БАРАЊЕ** кон кое ги доставува потребните документи наведени во условите и критериумите во Огласот за доделување награди на најдобри воспитувачи и негователи од јавните детски градинки од Општина Кисела Вода.
Воедно треба да достави и **ИЗЈАВА** за обработка на личните податоци потпишана од воспитувачот/негователот.
Рокот за пријавување започнува од 27.05.2019 година и трае 5 дена од денот на објавувањето на огласот.
Барањата и изјавите со потребната документација да се доставуваат по пошта на адреса Општина Кисела Вода ул. “Петар Дељан” бр.17, или во архивата на општината со назнака - “За избор на најдобар воспитувач и негуватели” - Комисија за доделување на награди за најдобри воспитувачи и негуватели од јавните детски градинки на Општина Кисела Вода.

**Барањето и изјавата се достапни на веб страната на општина Кисела Вода**
http://www.kiselavoda.gov.mk/